# ПРАВИЛНИК ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОЦЕНУВАЊЕТО НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

1. Оценувањето на постигањата на учениците се темели на националните критериуми и стандарди дефинирани за секој наставен предмет.

2. Целите, формите, методите, инструментите на оценувањето се дел од наставното планирање.

3. Наставникот планира и применува разновидни форми, методи и инструменти за следење и вреднување на постигнувањата на учениците;

4. Стручните активи градат usогласени критериуми за оценување на ученичките постигнувања.

5. Оценувањето е транспарентно - наставниците ги запознаваат учениците и родителите со целите и критериумите на оценувањето и овозможуваат увид во истото;

6. Оценката треба да биде образложена, согласно стандардите за оценување кои се составен дел од тематските планирања на наставниците .

7. Оценувањето е составен дел на наставниот процес; со него се добиваат информации што се релевантни за целите и содржините на наставата;

8. Оценувањето е континуиран процес и има цел да им помогне на учениците да научат подобро и повеќе.

9. Се унапредува процесот на формативно оценување или оценување за учење:

- наставникот со навремена и квалитетна повратна информација овозможува ученикот да разбере која е целта на неговото учење, до каде се наоѓа во однос на таа цел и на кој начин може да ја постигне;
- наставникот верува дека секој ученик може да се подобри во однос на претходните постигања;
- наставникот применува методи кои обезбедуваат вклучување на учениците во процесот на оценување; ученикот има активна улога, затоа што неговата самодоверба и мотивација се клучни за ефективно учење и напредок.

10. Оценувањето обезбедува целосни иформации за постигнувањата на ученикот;

11. Училиштето гради систем што ќе овозможи квалитетно информирање на родителите.

12. Секој предметен наставник има обврска навремено да го пополнува електронскиот дневник, со што и родителите може да имаат увид во напредувањето на ученикот.